## Британски импресионист

Во британската Националната галерија во Лондон во тек е изложба на Алфред Сисли (1839-1899). Иако Сисли бил роден во Париз, неговите родители биле Англичани, поради што во текот на целиот свој живот се претставувал како британски уметник.



Со изложбата се опфатени дела кои биле создадени во текот на двата престоја на Сисли во Велика Британија во 1874 и во 1897 година. Сликите на изложбата се поделени во две групи. Во првата група се претставени слики со пејзажи од Лондон кои се изработени под влијание на францускиот импресионизам, додека втората група е составена од слики создадени на брегот на Велс. Во историјата на уметноста Алфред Сисли е значаен поради тоа што учествувал на првата изложба на импресионистите во 1874 година во Париз.

## Футуристи

Во Музејот за модерната уметност (МОМА) во Њујорк на 13 февруари ќе биде отворена изложба посветена на стогодишнината од објавувањето на Манифестот на футуристите. Манифестот го напишал италијанскиот поет Филипо Томасо Маринети, а бил објавен во францускиот весник „Фигаро“ на 20 февруари 1909 година.



Ф. Т. Маринети

Со објавувањето на Манифестот бил создаден нов правец во уметноста – футуризам. Футуристите се залагале за отфрлање на минатото, со цел да се установи брз развој на индустриското општество. На изложбата во МОМА ќе бидат претставени Манифестот на футуристите, книги, периодични изданија и автентични ракописи од кореспонденцијата меѓу футуристите од почетокот на 20 век.



# Глобален пристап до

ПИШУВА: **ТОНИ ДИМКОВ**
*t.dimkov@globusmagazin.com.mk*
ФОТО: **АНДРЕЈ ГИНОВСКИ**



**ФЕНОМЕН** Интернет-технологијата, како феномен на нашето време, сè посилно навлегува во секој сегмент на нашиот живот, вели Никола Мартиновски

Невладината организација „СМ-арт медија“ на Интернет ја објави веб-страницата www.martinoski.mk посветена на животот и делото на Никола Мартиноски, еден од основоположниците на македонското модерно сликарство. Идејата потекнува од пред две години, поточно од моментот на формирањето на „СМ-арт медија“, во која од почетокот како членови се вклучија петнаесетина дипломирани историчари на уметноста, постдипломци, студенти на историја на уметноста и класична историја и ликовни уметници. Главна цел на организацијата е да работи на електронско издаваштво на културното наследство и на промовирање млади уметници.

■ **ПРОЕКТ** Интернет-сајтот за Никола Мартиноски е нејзиниот прв голем проект од областа на веб-издаваштвото. „Почнавме со Никола Мартиноски, бидејќи неговото дело едноставно ни се наметна како посебно интересна тема за работа. Неоспорен е фактот дека Мартиноски е една од најмаркантните фигури на македонскиот културен живот во 20 век. Тој е еден од основоположниците на македонската модерна уметност и личност која со целото свое дејствување до Втората светска војна ја предводеше македонската уметничка авангарда. По војната Мартиноски го продолжи својот творечки пат и убедливо го реализираше својот талент. Во тоа време тој беше иницијатор за формирање на првото средно уметничко училиште, на ДЛУМ, на Уметничката галерија во Скопје. За неговите уметнички дела, кои некогаш во нашата средина биле сметани за ‘премодерни’, а некои и за ‘вулгарни’, денес критиката од земјава и од странство едногласно се изјаснува со највисоки оцени“, вели Никола Мартиновски, историчар на уметноста, член на „СМ-арт медија“ и внук на славниот ликовен уметник.

■ **ДИЗАЈН** На веб-страницата на Интернет се објавени текстови на професорот Борис Петковски, кој своевремено беше најстудиозен проучувач на животот и делото на уметникот Мартиноски. Сајтот го отвора краток визуелен вовед кон творештвото на уметникот, а потоа ориентацијата и прегледот на страницата се едноставни и лесно можете да ги пронајдете биографските детали од животот и творештвото на Мартиноски и, истовремено, да ја разгледате богатата галерија со слики и фотографии. Дизајнот на страницата го креираше Огнен Пауновски, додека текстуалниот дел го подготви Никола Мартиновски. „Изработката на страницата е дел од еден сложен проект на кој работеа членовите на ‘СМ-арт

## Продуховена елеганција

„Ако подобро ги погледнете моите слики, ќе забележите дека сите композиции се блиски со фрескосликарството од нашите цркви. Се трудев да ѝ се доближам на таа елеганција, која претставува синтеза на нешто длабоко продуховено, поетско и лирско. Ние немавме свој импресионизам. Во модерната влеговме непосредно излегувајќи од службата на црквата“, изјавил Никола Мартиноски во „Политика“ на 16 мај 1966 година.

## ПЕЦЕ ТАЛЕСКИ ПРЕПОРАЧУВА



Пеце Талески е извршен директор на граѓанската асоцијација ОХО, работи на неколку продукциски и еколошки проекти, а за „Глобус“ препорачува:

**КНИГА**

„Татарска пустина“ од Дино Буцати, затоа што прочитав во „Историјата на светот...“ од Барнс дека Басара ја читал оваа книга кога го однел „велосипедот“ на поправка кај „мајсторот“ на Булгаков.



**ФИЛМ**

„Остров“ од Павел Лунгин. Внуците на Достоевски прават чудесни филмови, а тука некаде се и Андреј Звјагинцев и дружината.



# делото на уметникот





**ВОВЕД** Веб-страницата посветена на Никола Мартиноски е богато илустрирана со текстови, слики и фотографии



**СТРАСТ** Масло на платно, 1960 година

медија'. Нема да кажам ништо ново ако забележам дека Интернет-технологијата, како феномен на нашето време, сè посилно навлегува во секој сегмент на нашиот живот, но би го издвоил податокот дека денес Интернетот станува најсериозно сфатен како медиум и како место за презентација на сите богатства со кои државите се промовираат пред светот. Во програмата на Здружението многу важно место зазема идејата за соодветно претставување и афирмирање на македонската уметност и културното наследство на Интернет. Со цел нашите изданија да бидат што подостапни за заинтересираните лица или институции од странство, тие задолжително се објавуваат на англиски и на македонски, а ќе работиме и на тоа во иднина да бидат преведени на уште некој светски јазик. Најголем дел од средствата за реализација на проектот досега ги додели Министерството за култура, а во 'СМ-арт медија' се надеваме дека поддршката и соработката и понатаму ќе продолжат. Сепак, тука треба да се спомenat и нашите напори да го прошириме кругот на партнери и истомисленици за реализација на нашите цели во однос на електронското издаваштво", објасни Мартиновски.

**НАСЛЕДСТВО** Следен проект на кој работат во „СМ-арт медија" е презентација на уметничкото богатство на територијата на Република Македонија од времето на праисторијата, па сè до модерната уметност. „Кога зборуваме за културното наследство кај нас, мора да бидеме особено претпазливи, затоа што на овие простори тоа е чувствителна тема која не ретко навлегува во сферите на бурната балканска историја, па и во сферите на политиката. Во исто време свесни сме за тоа дека на Интернет во светски рамки секојдневно се појавуваат многу извори на сомнителни тези, теории и информации. Затоа 'СМ-арт медија' ќе се обиде нашето културно наследство да го презентира на најдобар можен начин, но на проблематиката да ѝ пристапува научно и веродостојно. Секако, промоцијата на културното наследство на Интернет во ниту еден случај нема да може да претставува замена за изложбите, предавањата или друг вид гостувања на наши уметници во странство. Тоа што го работиме може да биде нивна значајна поддршка, а според стандардите кои светот секојдневно ги воспоставува значењето на оваа поддршка станува сè поголемо и повредно", заклучи Мартиновски.

**ЦИТАТ**



**НИКОЛА МАРТИНОСКИ** Сликарот во почетокот на 60-тите години на 20-от век

## Домашно кино

ПИШУВА: **ИГОР АНЃЕЛКОВ**

### Игор

**(САД)**

**IGOR** (87 мин.)

**режија: Тони Леонидис**
**улоги: Џон Кјузак, Џон Клиз, Џеј Лено, Стив Бушеми**

Неделните филмски препораки содржат две актуелни анимирани остварувања. Требаше да помине речиси еден век за да му текне некому дека, конечно, од сенката на д-р Франкенштајн треба да го извади на површина неговиот верен помошник Игор, или Ајгор, и да ја раскаже неговата лична приказна. Тоа им успеа на луѓето од „Егзодус филм груп", кои на овој гениј му вдахнаа вистински живот низ приказната во која тој, по долги години слугување при експериментите на фамозниот д-р Гликенштајн, конечно доживува светска слава со своите откачени изуми. Забавно и умно!




★★★☆

### Мадагаскар: Бегство во Африка

**(САД)**

**MADAGASCAR: ESCAPE TO AFRICA** (88 мин.)

**режија: Ерик Дарнел, Том Мекграт**
**гласови: Бен Стилер, Крис Рок, Џада Пинкет Смит**

Чудото на компанијата „Дримворкс", „Мадагаскар", кога се појави пред четири години, беше прогласено за една од најинтелигентните анимации снимени досега. Во него имате сè што ќе посакате: одлични карактери, кои дури личат на актерите кои им ги позајмуваат гласовите, потоа, прекрасна приказна, и, пред сè, фантастична анимација. Новите авантури на лавот Алекс и неговото друштво нè носат во дивата Африка, каде што следува нова, луда авантура. Филмот сè уште е на репертоарот на кината во „Рамстор".



★★★★

★☆☆☆ катастрофа ★★☆☆ просечно
★★★☆ добро ★★★★ одлично

## ТЕАТАР

Не сакам театар, глумците многу викаат. Понекогаш одам со ќерка ми Калина во Театарот за деца и младинци да ја гледаме „Црвенкапа", иако лично навивам за волкот.



## ЦД

Албумот „120" од „Фолтин", затоа што во јули во Битола трансплантираната машина за чукање типкала како и небото и ѕвездите се лепат за ќерамиди.



## ИНТЕРНЕТ

Интернет-сајтот www.snowreport.net ми влева доза на надеж кога во февруари нема снег.

